Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**септември, 2022 година**

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 8

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ........ 10
Увоз ........ 11
Салдо на трговска размена ........ 12
Валутна структура ........ 13

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ........ 13
Буџетски расходи според економската класификација ........ 15
Расходи по буџетски корисници ........ 15
Буџетско салдо ........ 17

**4. Социјален сектор**

Новоовработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18
Плати ........ 19
Пензии ........ 19

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ........ 20
Депозитен потенцијал ........ 20
Кредити на банките ........ 22
Каматни стапки на депозитни банки ........ 22
Пазар на капитал ........ 22
Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2022 година

- Индустриското производство во септември 2022 година забележа пад од 0,5% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во септември регистрираа годишен раст од 18,7%, а на месечно ниво се зголемија за 1,6%;

- Во периодот јануари - септември 2022 година извозот забележа раст од 20,1%, а увозот од 28,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 53,4%, споредено со истиот период од 2021 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2022 година изнесуваа 178.650 милиони денари, односно 22,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на истиот период од 2021 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2022 година изнесуваа 194.710 милиони денари, односно 24,2% од БДП, што е за 5.9% повеќе во споредба со истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во септември 2022 година се зголемија за 9,9% во споредба со септември 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 3,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во септември 2022 година забележа пад од 0,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во септември 2022 година се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен (33,3%) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (2,0%), додека во секторот Преработувачка индустрија е забележан раст од 5,5%.

Графикон 11: Индустриско производство
(стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

Раст на производството во септември 2022 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 43,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во септември 2022 година е забележан во: производство на електрична опрема од 19,7% со придонес од 1,2 п.п., производство на машини и уреди од 72,7% со придонес од 4,9 п.п. и производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 57,5% со придонес од 4,6 п.п..

Графикон 12: Структура на растот на индустријата
(придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во септември 2022 година зголемување на производството се забележува во: производство на текстил од 52,7% со придонес од 3,0 п.п., производство на облека од 27,6% со придонес од 1,9 п.п., производство на кожа од 38,4% со придонес од 0,2 п.п., и преработка на дрво и производи од дрво и плута од 42,7% со придонес од 0,3 п.п., додека прехранбената индустрија регистрираше пад од 11,6% со придонес од -1,2 п.п., производството на пијалаци бележи намалување од 3,5% и придонес од -0,1 п.п. и производството на тутунски производи се намали за 87,7% со придонес од -1,9 п.п..



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во септември 2022 година е последица на намаленото производство во следните гранки: Енергија (пад од 5,2% со придонес од -0,5 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 24,7%, придонес од -8,2 п.п.), додека зголемување







на производството бележат гранките: Капитални производи (раст од 49,9% со придонес од 8,6 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 25,4% и придонес од 1,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 2,8% со придонес од 1,0 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2022 година индустријата забележа раст од 0,9%, што се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен од 2,1% (придонес од 0,2 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 7,8% (придонес од 0,7 п.п.), додека секторот Преработувачка индустрија не бележи промена во споредба со анализираниот период претходната година. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има Производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 0,9 п.п. при раст од 10,6%.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – септември 2022 година е регистриран во гранките Енергија (10,0%), Капитални производи (6,9%) и Трајни производи за широка потрошувачка (21,5%), додека гранките Интермедијарни производи, освен енергија и Нетрајни производи за широка потрошувачка бележат пад од 4,9% и 1,0%, соодветно.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во септември 2022 година е намален за 0,4%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 3,3%, Преработувачка индустрија од 0,2%



и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 10,1%, производство на електрична опрема со раст од 7,1% и производство на хемикалии и хемиски производи со раст од 6,7%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека падот е резултат на намалениот број работници во групите Енергија од 6,3%, Трајни производи за широка потрошувачка од 2,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,9%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – септември 2022 година бележи пад од 1,5%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 3,1%, Преработувачка индустрија од 1,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,4%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – септември 2022 година е намален во групите Енергија и Нетрајни производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2022 година е поповолна споредено со август 2022 година, а понеповолна во однос на истиот месец од 2021 година.

**Графикон 15:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 66,1% од нормалното искористување, што во однос на претходниот месец останува непроменето. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 4,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,2%, недоволната странска побарувачка со 16,8%, неизвесното економско опкружување со 16,4% и недоволната домашна побарувачка со 11,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2022 година во однос на август 2022 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2022 година издадени се вкупно 277 одобренија за градење, што претставува пад од 12,9% во однос на истиот месец од 2021 година. Споредено со август 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 26,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2022 година на годишна основа е повисока за 21,1%, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 49,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 134 (или 48,4%) се наменети за објекти од високоградба, 74 (или 26,7%) за објекти од нискоградба и 69 (или 24,9%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 277 издадени одобренија за градба, на 145 објекти (или 52,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 132 објекта (или 47,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во септември 2022 година предвидена е изградба на 427 станови со вкупна корисна површина од 40.344 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 16,9%, а на годишно ниво за 30,9%.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите (број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (септември 2022)




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.8**: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




## Инфлација

Потрошувачките цени во септември регистрираа годишен раст од 18,7% (16,8% во август 2022 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и на храната, којашто регистрира зголемување како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на цените на примарните производи на светските берзи. Цените на енергенсите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на

цената на струјата со одлука на РКЕ во два наврата, односно зголемување на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа во јануари, и на воведувањето на новиот блок тарифен модел за цената на електричната енергија за домаќинствата, кој важи од први јули 2022 година. Согласно процените цената на струјата ќе се зголеми за 7,4% за 98,8% од домаќинствата, а останатиот 1,2% од домаќинствата ќе плаќаат поскапа струја од 11,4% до 100%. Во мал придонес се одразија и одлуките на РКЕ за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05% во јануари 2022 година и 14,18% во август 2022 година.

Графикон 1.9: Инфлација според COICOP
(стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во септември регистрира зголемување кое изнесува 8,9% на годишна основа, при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели.

Кумулативно, во првите девет месеци од 2022 година стапката на инфлација изнесува 12,4%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (11,5 п.п. придонес во растот во септември) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 28,7% (25,1% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: цените на лебот и житните производи (годишен раст од 47,7%, придонес 3,7 п.п.), на млекото, сирењето и јајцата (годишен раст од 36,0%, придонес 2,6 п.п.), на месото (годишен раст од 26,2%, придонес 2,2 п.п.) и на зеленчукот (годишен раст од 12,9%, придонес 0,6 п.п.). Цената на маслото во септември регистрира зголемување од 44,8%.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во септември 2022 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 26,1%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 19,4%, Транспорт од 13,6%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 13,0%, Разновидни стоки и услуги од 12,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,5%, Рекреација и култура од 5,6%, Здравствена заштита од 4,7%,

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Облека и обувки од 2,2%, Комуникации од 0,7% и Образование од 0,4%.

Потрошувачките цени во септември 2022 година се зголемија за 1,6% во однос на претходниот месец (во август беше регистриран раст од 1,3%). Најголем придонес кон растот на потрошувачките цени на месечно ниво имаше категоријата Храна и безалкохолни пијалаци (1,2 п.п.) и истата регистрираше раст од 3,0% што главно се должи на растот на цените на млекото, сирењето и јајцата (0,5 п.п) и на месото, лебот и житните прозиводи (од по 0,2 п.п). Раст на цените има во повеќе категории и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 3,0%, Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива од 2,4%, Разновидни стоки и услуги од 2,3%, Ресторани и хотели од 1,1%, Здравствена заштита од 1,0%, Облека и обувки од 0,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици 0,6% и Образование 0,2%.

Цените во категоријата Транспорт регистрираа намалување од 4,7% како резултат на намалување на цените на горивата. Намалување на цените има и во категоријата Рекреација и култура од 2,2%, додека цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

Во септември 2022 година, цените на мало се зголемија за 14,7% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,1%. Кумулативно, во првите девет месеци од 2022 година цените на мало се зголемија за 11,7% во однос на истиот период минатата година.

Во еврозоната, стапката на инфлација во септември 2022 година регистрира натамошен забрзан раст и е на историски највисоко годишно ниво од 10,0% (9,1% во август). Растот на цените се должи на значителниот раст на цената на енергијата од 40,8% (38,3% во август), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 11,8% (10,6% во август), неенергетските индустриски добра од 5,6% (5,0% во август) и услугите од 4,3% (3,8% во август). Согласно остварените стапки на раст како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и согласно проекциите од септември, стапката на инфлација во 2022 година би достигнала 8,1%, 5,5% во 2023 и 2,3% во 2024 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2022 година на месечно ниво продолжи да се намалува, при што регистрираше пад од 8,6% и изнесува 90,2 долари за барел (втор месец по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари годинава како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји против Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања за глобална рецесија и воведените карантини во

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Кина кои можат да предизвикаат намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 20,9%.

Во септември 2022 година, цената на природниот гас регистрираше пад од 13,8% на месечно ниво. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, со што трендот на раст продолжи со зголемен интензитет во 2022 година со нападот на Русија врз Украина. Ограничената испорака на руски природен гас во Европа предизвика рекорден раст на неговата цена. Во август 2022 година цената на гасот беше највисока оваа година, меѓутоа во септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. На годишно ниво, цената на природниот гас во септември регистрираше зголемување од 119,4%.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во септември 2022 година изнесува 391,4 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 21% по високиот раст претходниот месец, додека во споредба со септември претходната година истата е зголемена за 189,7%.

Во септември цените на основните метали бележат месечен пад, освен никелот, чија цена во септември бележи раст од 3,2%. Така, цената на калајот се намали за 14,3%, на цинкот за 12,9%, на оловото за 9,8%, на алуминиумот за 8,5% и на бакарот за 3,0%. Цената на железната руда регистрираше пад од 8,3%.

Од почетокот на 2022 година цената на златото регистрираше нагорни стапки на движење, меѓутоа во април истата регистрираше пад кој траеше до јули, за да во август забележи раст, а во септември повторно да регистрира пад од 4,7% на месечно ниво. Месечен пад на цените се забележува и кај другите благородни метали, па така цените на среброто и платината се намалија за 4,0% и 3,0%, соодветно.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во септември 2022 година се зголеми за 7,9% на месечна основа, а цената на сончогледовото масло се намали за 12,8% во споредба со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2022 година изнесува 15.156,6 милиони евра и бележи раст од 25,2% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - септември 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите девет месеци од 2022 година изнесува 23,2% и е намалено за 3,0 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - септември 2022 година, изнесува 6.157,3 милиони евра и бележи раст од 20,1% (1.030,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 1,3%.

Вредноста на извезените стоки во септември 2022 година изнесува 760,6 милиони евра и бележи раст од 34,8% (196,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 3,5% споредено со септември 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2022 година извозот бележи раст од 20,8% (131,0 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско

[1] Започнувајќи од септември2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 7,8%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (13,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - септември 2022 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 64,7% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - септември 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има само во групацијата Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 20,8% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 27,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,5% и 12,0%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - септември 2022 година изнесува 8.999,3 милиони евра и бележи раст од 28,9% (2.020,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 4,6%.




Вредноста на увозот во септември 2022 година

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

изнесува 1.102,7 милиони евра, што претставува раст од 52,0% (377,0 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се намалени за 14,1% споредено со септември 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2022 година увозот бележи раст од 12,5% (122,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 10,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 119,6 | 118,5 | -1,1 | -0,9 |
| Мил.ЕУР | 56,6 | 119,7 | 63,1 | 111,4 |
| Мил.$ | 67,5 | 126,8 | 59,2 | 87,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 861,7 | 973,8 | 112,2 | 13,0 |
| Мил.ЕУР | 396,3 | 857,9 | 461,6 | 116,5 |
| Мил.$ | 473,0 | 907,7 | 434,7 | 91,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 62,7 | 58,5 | -4,1 | -6,6 |
| Мил.ЕУР | 1.173,1 | 1.834,1 | 661,0 | 56,3 |
| Мил.$ | 1.405,0 | 1.949,8 | 544,8 | 38,8 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 27,0 | 23,4 | -3,6 | -13,5 |
| Мил.ЕУР | 148,6 | 139,2 | -9,3 | -6,3 |
| Мил.$ | 178,1 | 148,5 | -29,6 | -16,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 543,1 | 525,6 | -17,5 | -3,2 |
| Мил.ЕУР | 557,8 | 643,8 | 86,0 | 15,4 |
| Мил.$ | 666,4 | 692,5 | 26,1 | 3,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2021 | I-IX-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 535,8 | 570,0 | 34,2 | 6,4 |
| Мил.ЕУР | 389,2 | 515,9 | 126,6 | 32,5 |
| Мил.$ | 464,7 | 553,2 | 88,5 | 19,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 53,4% односно 989,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 112,2% односно 180,9 милиони евра споредено со септември 2021 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со

индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - септември 2022 година 97,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Унгарија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 89,7% од трговската размена во периодот јануари - септември 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува намалување за 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,3% и 87,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,1 п.п., а кај увозот за 0,8 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IX -2021 | | | | | I-IX -2022 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.863,2 | 6.185.530.389 | 61,6252 | 381.184.547.358 | 88,7 | 4.055,4 | 7.909.055.944 | 61,6233 | 487.382.127.144 | 87,9 | 1.723.525.554 | 27,9 |
| УСД | 1.744,2 | 876.133.453 | 51,2797 | 44.927.860.641 | 10,4 | 1.297,5 | 1.092.258.788 | 57,9528 | 63.299.455.116 | 11,4 | 216.125.335 | 24,7 |
| ГБП | 1,2 | 13.011.501 | 71,1297 | 925.504.185 | 0,2 | 1,2 | 14.364.095 | 72,8083 | 1.045.825.324 | 0,2 | 1.352.593 | 10,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.608,6 | | | 427.037.912.185 | 99,1 | 5.354,1 | | | 551.727.407.585 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 5.622,7 | | | 429.979.030.035 | 100,0 | 5.364,5 | | | 554.574.595.824 | 100,0 | | 29,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2022 година изнесуваа 178.650 милиони денари, односно 22,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на истиот период од 2021 година. Ова е дваесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, кој во септември изнесува 13,2%, откако претходно во јули и август е остварен раст од 5,2% и 12,7%, соодветно. Растот е резултат и на пониските приходи во овој период претходната година.

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)



Извор: МФ.

Даночните приходи се реализирани во износ од 104.231 милион денари и се повисоки за 15,5% во однос на периодот јануари – септември 2021 година, што се должи на високиот раст на приходите од данокот на




MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

додадена вредност (ДДВ), увозните давачки, данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ имаат најголемо учество од 46,1% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 48.050 милиони денари, што претставува зголемување од 15,5% во однос на истиот период претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 80.856 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 32.806 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 27,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 49,9% споредено со периодот јануари – септември 2021 година). Во структурата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 28,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 25,5%.

Акцизите се остварени во износ од 19.223 милиони денари (учество од 18,4% во даночните приходи), што претставува намалување од 0,2% во споредба со периодот јануари – септември 2021 година. Со тоа, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 67.273 милиони денари, што претставува 64,5% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – септември 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 16.607 милиони денари и бележат раст од 16,9% на годишна основа. Притоа, 65,6% од приходите се од плата и други лични примања, 8,8% од приходи од капитал, 8,0% од приходи по основ на договор за дело, 6,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,0% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – септември 2022 година имаат остварен износ од 12.531 милион денари, што претставува зголемување од високи 45,1% во однос на истиот период претходната година, како резултат на поволните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително зголемување за 50,7%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 49,5%.

Приходите од царина се остварени во износ од 7.326 милиони денари и забележаа зголемување од 20,9%. Приходите од други даноци се остварени во износ од 494 милиони денари во периодот јануари – септември 2022 година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 56.001 милион денари, што претставува поголемо остварување за 8,9% споредено со периодот јануари – септември претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за вработување е повисока за 8,9%, кај придонесите за здравствено осигурување за 8,9%, и кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 8,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 12.791 милион денари и во однос на периодот јануари – септември 2021 година забележаа повисоко остварување за 26,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.747 милиони денари, што е зголемување за 5,4% во однос на периодот јануари – септември минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.383 милиони денари и се пониски за 30,3% во однос на периодот јануари – септември 2021 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2022 година изнесуваа 194.710 милиони денари, односно 24,2% од БДП, што е за 5,9% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 181.987 милиони денари учествуваат со 93,5% и се зголемени за 7,7% во однос на периодот јануари – септември 2021 година.




Платите и надоместоците се реализирани во износ од 23.740 милиони денари, што претставува зголемување за 3,0% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 13.535 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа раст од 3,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 136.961 милион денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 9,6% споредено со периодот јануари – септември 2021 година и учествуваа со 70,3% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 6,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 95.638 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 49,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 57.607 милиони денари, што е зголемување за 7,9% споредено со периодот јануари – септември 2021 година и учествуваат со 29,6% во вкупните расходи. Во категоријата Други трансфери е регистриран раст од 19,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 23.202 милиона денари и се зголемени за 32,7%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.821 милион денари, забележаа раст од 4,1% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 12.723 милиони денари со структурно учество од 6,5% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација од 14,1% во споредба со периодот јануари – септември 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – септември 2022 година реализираше 40.338 милиони денари или 74,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 27.670 милиони денари или 79,1% од средствата наменети за 2022 година. Втора

најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,5% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 68,9% (9.095 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – септември 2022 година реализираше вкупно 11.118 милиони денари, односно 62,5% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенции и трансфери учествува со високи 83,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 9.227 милиони денари (81,3% од предвидените средства).

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 20.096 милиони денари, што е 69,4% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (62,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.515 милиони денари или 72,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,3%, за што се потрошени 3.473 милиони денари, односно 70,1% од вкупно предвидените.


Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари – септември 2022 година)


Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4], во периодот јануари – септември 2022 година реализирани се 18.982 милиона денари, што претставува 60,7% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (7.743 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,8%, а притоа се реализирани 75,9% од планираните средства. Значајна ставка е и Отплата на главнина за којашто се издвоени 5.613 милиони денари (48,3% од планираното), односно 29,6% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за внатрешни работи во периодот јануари – септември 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 8.887 милиони денари, што е 75,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 66,8%, за што во овој период се реализирани 5.934 милиони денари (72,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 21,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.932 милиона денари, односно 81,1% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за одбрана вкупно се реализирани 6.735 милиони денари, што претставува 56,2% од сопственост буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 47,8%, за што се потрошени 3.217 милиони денари или 73,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 29,0%, за што се реализирани 1.950 милиони денари или 55,0% од годишниот план.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Во периодот јануари – септември 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.469 милиони денари, што претставува 73,5% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (91,7%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што се потрошени 5.931 милион денари или 75,2% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во периодот јануари – септември 2022 година изврши буџетски средства во износ од 4.650 милиони денари, што е 66,7% од вкупниот буџет за 2022 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество со 49,9%, за што се потрошени 2.320 милиони денари или 77,3% од предвидените средства. Расходи за стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 38,8%, за што во овој период се потрошени 1.804 милиони денари или 59,3% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 2.284 милиони денари, што е 26,7% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи имаат најголемо учество со 64,5%, за што се потрошени 1.472 милона денари или 20,2% од предвидените средства, додека расходите за субвенции и трансфери (со учество од 27,0% од вкупните расходи) се реализирани во износ од 616 милиони денари или 73,2% од предвидените средства за тековната година.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 16.060 милиони денари, што претставува 2,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 16.640 милиони денари и претставува 2,1% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – септември 2022 година изнесува 37,6% од планираниот буџетски дефицит за 2022 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во септември 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 152.457 новозасновани работни односи. Споредено со истиот месец од 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 3,7%, со што продолжува трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој во претходниот месец беше прекинат. Трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи започна во април 2021 година, меѓу другото, како резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 40,8% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во септември 2022 година, 20,0% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во септември 2022 година изнесува 158.732, од кои 112.464 се активни баратели на работа, а 46.268 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 16,9%. Во однос на август 2022 година, бројот на невработени е намален за 2.760 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој започна во март 2021 година, откако во цела 2020 па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,4%) се градско население, а според половата структура 48,8% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,4%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 8,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 64,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2022 година оствари годишен раст од 11,3%, а во однос на јули 2022 година истата е повисока за 0,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на август 2021 година се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (16,2%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (16,1%) и Уметност, забава и рекреација (15,6%). Реалните плати во август 2022 година забележаа годишен пад од 4,7%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во август 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 11,5%, а на месечна основа истата е повисока за 0,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во август 2022 година во однос на август 2021 година се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (16,5%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (16,5%) и Уметност, забава и рекреација (16,1%). Реалната бруто-плата во август забележа годишен пад од 4,5%.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

## Пензии

Во септември 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 332.361 пензионер. Од вкупниот број пензионери, 68,7% се корисници на старосна пензија, 22,6% се корисници на семејна пензија и 8,6% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во септември 2022 година изнесува 16.319 денари и истата е за 2,9% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,3%.

Просечната старосна пензија во септември 2022 година изнесува 18.912 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 15.662 денари, а просечната семејна пензија 13.898 денари. За исплата на пензиите во септември 2022 година се потрошени 5.345 милиони денари, што претставува 50,0% од вкупните социјални трансфери.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2022 година, како одговор на растечката инфлација, Народната банка повторно ја зголеми основната каматна стапка за 0,5 п.п. и истата изнесува 3,0%, откако претходно ја зголеми во четири наврати последователно (во април, мај, јуни и јули за по 0,25 п.п., соодветно). Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

На седницата оддржана во септември, Народната банка ги зголеми каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на каматните стапки на расположливите депозити на седум дена, за по 0,5 п.п., на ниво од 0,90% и 0,95%, соодветно.

### Примарни пари

Во септември 2022 година, примарните пари[6] се намалија за 9,3% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 17,3%, додека готовите пари во оптек регистрираа пад од 0,7%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 6,2%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 8,9% и 3,5%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(септември 2022 година)




Извор: НБРСМ.

### Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во септември 2022 година се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец,

---

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,1%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,1%.

Од аспект на валутата, во септември 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 1,5% и 0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2022 година оствари раст од 3,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 2,8% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 12,2%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на приватните претпријатија бележат пад од 1,5%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,3%

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 8,9%, а долгорочните депозити се намалија за 7,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 54,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***468.920*** | ***0,9%*** | ***3,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *257.052* | *1,5%* | *-2,8%* |
| *Странска валута* | *211.868* | *0,2%* | *12,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *208.893* | *-0,3%* | *8,9%* |
| *Долгорочни* | *92.471* | *1,0%* | *-7,5%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***412.346*** | ***0,9%*** | ***9,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *238.291* | *0,6%* | *8,1%* |
| *Странска валута* | *174.055* | *1,3%* | *12,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.235* | *0,9%* | *16,8%,* |
| *Долгорочни* | *327.617* | *0,9%* | *9,2%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *13.092* | *-0,5%* | *-0,1%* |

Извор: НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Кредити на банките

Во септември 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон домаќинствата и кон приватните претпријатијасе зголемија 0,7% и 1,1%, соодветно.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во септември 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,6%, а девизните кредити за 1,3%.

На годишна основа, во септември 2022 година вкупните кредити се зголемија за 9,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,6% и раст на кредитите кон приватните претпријатија од 12,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,1%, а кредитите во странска валута за 12,6%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,2%, а краткорочните кредити од 16,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,35%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 4,67%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 3,98%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во септември 2022 година се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,70%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,06%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,42%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 44,6% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите и прометот од класичното тргување за 105,6% и 27,3%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во септември 2022 година изнесуваше 475,1 милион денари и истиот е намален за 22,8% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2022 година изнесуваше 5.586,34 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,1%, а во однос на истиот месец претходната година за 1,9%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2022 година изнесуваа 3.753,78 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 14,2%, а во однос на септември 2021 година се зголемија за 1,7%.